**Информација
за одржани обуки со радиодифузерите
во врска со нивните обврски од Изборниот законик и
за Методологијата за мониторинг за време на изборни процеси**

На 14, 19 и 21 февруари 2014 година беа одржани вкупно 5 обуки на кои радиодифузерите беа запознаени со Изборниот законик, односно со обврските за медиумите во поглед на известувањето во периодот од распишување на Претседателските избори 2014 година до почетокот на изборната кампања, изборното медиумско претставување во кампањата и правилата за изборниот молк. Исто така, беше образложено како остварувањето на овие обврски се операционализира во мерливи категории преку научно заснованата Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси што ја користи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Беа запознаени и со можноста да ги консултираат сите релевантни акти (извадок од Изборниот законик, Концепт и Методологија за мониторинг) на посебниот линк од веб страницата на Агенцијата, каде може да се најде и Power Point презентацијата користена за време на обуките.

Првата обука се одржа во Скопје на 14 февруари и на неа беа поканети уредниците и управителите на сите терестријални и сателитски ТВ сервиси и на радио програмските сервиси на државно ниво, како и медиумите од Скопје, Куманово, Кратово и Крива Паланка. Од поканетите 48 медиуми, на обуката присуствуваа 13 претставници на 10 радиодифузери (ТВ 24 Вести, ТВ Алсат – М, ТВ БТР, ТВ МТМ, Наша ТВ, ТВ Тиквешија од Кавадарци, ТВ Хана од Куманово, националните Радио Канал 77 и Радио Слободна Македонија и скопското Скај Радио).

На 19 февруари се реализираа две регионални обуки. Едната во Тетово, а другата во Охрид. На првата беа поканети 24 медиуми од Тетово, Гостивар, Ростуше, Кичево, Пласница и Македонски Брод, а присуствуваа 10 претставници од 5 медиуми (ТВ Боем од Кичево, ТВ Кисс, ТВ Коха, ТВ Менада и Радио РЕД ФМ од Тетово). На втората беа поканети 29 радиодифузери од Охрид, Струга, Дебар, Битола, Прилеп, Долнени и Велешта, а учествуваа 19 претставници на 13 медиуми (ТВ Аниса од Пласница, ТВ Вижн од Прилеп, ТВ Калтрина од Струга, ТВ Лажани од Долнени, ТВМ, ТВ Морис и НТВ од Охрид, ТВ Тера од Битола, Радио МХ, Радио Охрид и Супер Радио од Охрид, Радио Рапи од Велешта и Радио Холидеј од Прилеп) .

На 21 февруари се одржаа уште две обуки – во Кавадарци и во Штип. Првата беше планирана како средба со 15 радија и телевизии од Кавадарци, Велес, Неготино, Валандово и Гевгелија. Присутни беа 11 новинари и уредници од 6 медиуми (КТВ и ТВ

Тиквешија од Кавадарци, ТВ Канал 21 од Велес, Радио 5 ФМ од Велес, Галакси Радио од Кавадарци и Радио Тајм од Гевгелија). За втората се очекуваше присуство на 22 медиуми од Штип, Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе, Виница, Пехчево, Пробиштип, Струмица и Радовиш. Учествуваа 11 претставници од 8 медиуми (ТВ Вис од Струмица, ТВ Еми и ТВ Кобра од Радовиш, ТВ Протел од Пробиштип, ТВ Свет од Свети Николе, ТВ Стар од Штип, Еко Радио од Пробиштип и Радио Модеа од Свети Николе.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***